РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 18-12420/1
18 NOV 2024
20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 38 став 4 од Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), министерката за образование и наука, донесе

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 20.11.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Aneksi: | Вредност: Viera: |
| 10 | 481/1 | | |

## РЕШЕНИЕ
## за формирање на Државен матурски одбор

1. Со ова Решение се формира Државен матурски одбор.
2. Државниот матурски одбор е во состав:

- Елена Ивановска, претседател на Државниот матурски одбор - Министерство за образование и наука;
- Зоран Мисајловски, член - Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје;
- Драган Попоски, член - СУГС „Раде Јовчевски Корчагин“ Скопје;
- Веселинка Лаброска, член - Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје;
- Филип Поповски, член - Универзитет „Св.Климент Охридски“ Битола;
- Валбона Тоска Несими, член - Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје;
- Демуш Бајрами, член - Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово;
- Адмирим Алити, член - Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје;
- Беса Кадриу, член - Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово;
- Феми Јусуфи, член – СУГС „Сарај“ Скопје;
- Дарко Спасев, член - СУГС „Марија Кири Склодовска“ Скопје;
- Арслан Омерагиќ, член - Министерство за образование и наука;
- Анастасија Трајковска, член - Министерство за образование и наука;
- Тања Андоновска, член - Државен испитен центар;
- Бети Ламева, член и извршен секретар на Државниот матурски одмор - Државен испитен центар.

3. Мандатот на Државниот матурски одбор трае четири години со можност за уште еден реизбор.
4. Државниот матурски одбор ги има следните задачи:

- Утврдување на концепт за матура и завршен испит во јавното средно образование врз основа на расположивите материјални, кадровски, просторни, организациски и други услови во Република Северна Македонија потребни за реализација на матурата и завршниот испит.

- Подготвување (врз основа на претходно изготвени документи) и усвојување на каталог за матурски и завршни испити.Со каталогот за матурските и завршните испити се определуваат:

- целите на матурата
- бројот на матурските предмети
- предметите на заедничкиот и изборниот дел на матурата и завршниот испит
- начинот на проверка на знаењата и способностите
- нивото на барање на кое се проверува знаењето на одделни матурски предмети и

- обемот на надворешното оценување на знаењето – соодност на интерното и екстерното оценување.

- Координирање на работата на Државните матурски предметни комисии;

- Утврдување на предметни и испитни програми;

- Разгледување и прифаќање на годишните извештаи за спроведените матурски и завршни испити што до 1-ви септември во тековната година ги доставува министерот за образование и наука и Универзитетите;

- Реализирање на други задачи кои се во функција на унапредување на матурата и завршниот испит;

- Изготвување на правилници;

- Определување (пропишување) на матурскиот календар (утврдување на термините за испитите);

- Определување на (пропишување) испитниот ред (обезбедување на еднакви услови и постапки за сите кандидати кои полагаат матура и завршен испит);

- Определување на правила за заштита на тајноста на градивото (испитниот материјал) за време на чување и доставување до училиштата;

- Определување на правила за заштита на означувањето (шифрирањето) на кандидатите за време на подготовките на испитниот материјал и во текот на самиот испит.

5. За работата на Државниот матурски одбор на месечно ниво, на претседателот, извршниот секретар и членовите, им се исплаќа месечен надоместок во висина од 20 проценти од просечната нето плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија, доколку во месецот се одржи седница. Надоместокот го исплаќа Државниот испитен центар.

6. Со денот на влегување во сила на ова решение престануваат да важат Решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр.19-19408/1 од 10.12.2014 година, Решение за изменување на Решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр.19-19408/2 од 11.12.2014 година, Решение за изменување на Решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр. 20-5989/1 од 22.03.2016 година, Решение за изменување на Решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр.20-7876/1 од 27.06.2017 година, Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр.20-7876/3 од 03.07.2017 година, Решение за изменување на Решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр.20-7654/1 од 25.06.2018 година, Решение за изменување на Решение за формирање на Државен матурски одбор бр.12-8141/1 од 06.07.2018 година, Решение за изменување на Решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр.18-7257/1 од 27.06.2019 година, Решение за изменување на Решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр.18-3423/1 од 16.03.2022 година, Решението за изменување на решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр.08-5696/1 од 23.05.2023 година и Решението за изменување на решението за формирање на Државен матурски одбор со архивски бр.18-12404/1 од 16.11.2023 година.

7. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**МИНИСТЕРКА ЗА**
**ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**проф.д-р Весна Јаневска**

Доставено до:
- Членовите на ДМО
- Државен испитен центар
- Архива

Подготвил: Ѓ.Панделиев
Прегледал:Б.Митковски
Одобрил: М.Масникоса